Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје
Примено: 01-10-2021
09 | 2271/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-182/6
29.09. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Фармација“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Фармација“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на фармацевтски науки /во меѓународен промет академски назив: PhD in Pharmaceutical sciences.

4. Научно подрачје: 3 Медицински науки и здравство
Научно поле: 306 Фармација
Научна област: 30601, 30616, 30615.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:, проф. д-р Лидија Петрушевска Този, проф. д-р Љубица Шутуркова, проф. д-р Катерина Горачинова, проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Светлана Кулеванова, проф. д-р Александра Димовски, проф. д-р Билјана Бауер Петровска, проф. д-р Рената Славеска Раички, проф. д-р Зоран Кавраковски, проф. д-р Татјана Кадифкова - Пановска, проф. д-р Кристина Младеновска, проф. д-р Руменка Петковска, проф. д-р Марија Главаш - Додов, вон. проф. д-р Маја Симоновска - Црцаревска, вон. проф. д-р Ѓоше Стефков, вон. проф. д-р Александра Грозданова, вон. проф. д-р Зоран Стерјев, вон.проф. д-р Јасмина Тониќ - Рибарска, вон. проф. д-р Ана Поцева - Пановска, вон. проф. д-р Катерина Брезовска, проф. д-р Марија Хиљадникова Бајро, вон. проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска, вон. проф. д-р Наталија Наков, вон. проф. д-р Надица Мсатевска Гешковска, вон. проф. д-р Марија Карапанџова, вон. проф. д-р Никола Гешковски, вон. проф. д-р Александра Капедановска Несторовска, вон. проф. д-р Јелена Ацевска, вон. проф. д-р Зорица Наумовска, вон. проф. д-р Тања Петреска Ивановска, вон. проф. д-р Лиле Анастасова.

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Фармацевтски факултет - Скопје
Примено: 01-10-2021
Орг. един. | Број: 237/4 | Прилог: | Вредност:
03

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 316/8 од 26.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Фармација“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 182/1 од 10.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 182/3 од 03.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски